Habitat for Humanity® Македонија

Согласно Програмата за новоградби, Правилникот за набавки на Здружението за хумано домување Хабитат Македонија од 18.11.2008 година и Одлуката за измени и дополнувања на Правилникот за набавки донесена на 31.05.2012 година, Здружението за хумано домување Хабитат Македонија објавува:

**ПОВИК И УСЛОВИ НА НАБАВКА бр. 25/2016**

1. Општи одредби

1.1. Набавувач: Здружение за хумано домување Хабитат Македонија, ул. Никола Парапунов бб, Комплекс Макотекс, 1 кат, Скопје.

1.2. Предмет на набавка: **Дел од изведба на следниве градежно - занаетчиски работи за објект во населбата Хабитат во Велес:**

1. **Подополагачки работи.**

1.3. Квалитет: Задоволени **минимум** пропишани стандарди за изведување на овој тип на градежни и градежно - занаетчиски работи. Потребно е да се достави точен опис на структурата, составот и квалитетот на материјалите кои ќе се вградуваат, како и земјата на потекло на истите

1.4. Количина: Според приложен Предмер.

1.5. Цена и начин на плаќање:

- Цената да вклучи ДДВ и да биде изразена во македонски денари.
- Понудата да содржи **одвоено специфицирани цени на материјали и работна рака**.
- Понудата да содржи начин на плаќање.

1.6. Лиценца: Понудувачот **да поседува лиценца Б категорија или лиценца Д категорија, според поранешната категоризација на лиценци,** предвидена за изведувачи на објекти од втора, односно од четврта категорија според поранешната категоризација, согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

1.7. Понудата да содржи краток историјат и референци на понудувачот за изведени објекти во последните 5 години.

2. Рокови

2.1. Понудата да содржи:

- Рок за пристапување кон работа по известувањето за избор на најповолен понудувач.
- Рок на завршување на предвидените работи.
- Проспекти од понудените работи од точка 1.2.
- **Примерок од понудениот ламинат.**

Напомена: Доставените примероци ќе бидат задржани до конечниот избор на најповолниот понудувач/и. Примероците од избраниот понудувач/и ќе бидат задржани до завршување на изведбата на понудените работи по овој Повик.

2.2. Понудата да важи 20 дена.

2.3. Рок на поднесување на понудата е најдоцна до **17.06.2016 година (петок), до 16 часот**. Понудите да се достават на начинот предвиден во барањето за доставување на понуди. Хабитат Македонија ќе го информира избраниот понудувач по донесување на одлуката на Управниот одбор на Здружението.

3. Посебни одредби

3.1. **Увид на терен**: Заради давање на прецизна понуда го повикуваме понудувачот да направи **неопходен увид** на новиот објект во Велес. Потребно е пред вршење на увидот понудувачот да го извести набавувачот за денот и часот за вршење на истиот.

3.2. За одделни позиции согласно приложените предмери избраниот понудувач треба да е согласен **да прифати и вгради градежни материјали и услуги понудени од набавувачот**, со вредност која се утврдува според взаемно усогласена методологија.

3.3. Во текот на изведувањето на работите опишани во точка 1.2. избраниот понудувач треба да е согласен да прифати и користи **труд на локални и меѓународни волонтери организирани од набавувачот, а вредноста на завршените градежно занаетчиски работи да ја намали за вредноста на волонтерскиот труд, која вредност ќе се утврдува според взаемно усогласена методологија,** односно согласно прописите за изведување градежни работи.

3.4. Објектот е во фаза на градба. Очекуван почеток на работите од точка 1.2. по овој повик е првата половина од месец јули 2016 година.

4. Доставување на понудата

4.1. Понудата и останатата документација се испраќаат во запечатен плик. Надворешниот плик треба да го носи бројот на повикот како и ознаката „не отворај".

4.2. Пратката се доставува **курирски, со предавање во архивата на набавувачот**, на адреса: ул. Никола Парапунов бб, Комплекс Макотекс, 1 кат, Скопје.

5. Завршни одредби

5.1. **Понудите кои не се предадени во определениот рок, како и оние кои не ги содржат сите потребни елементи согласно условите на повикот, нема да бидат разгледани.**

5.2. Секој понудувач може да учествува со една понуда.

5.3. Повикот со целокупната документација е објавен на веб страната на Хабитат Македонија.

5.4. Понудите ќе бидат оценувани според следните критериуми:

- **Цена:** понудата со најниска цена ќе биде оценета со најголем број на бодови;
- **Начин и услови на плаќање:** понудувачот кој ќе понуди дополнителни поволности ќе биде оценет со најголем број на бодови;
- **Референци:** понудувачот со најголем број изведени станбени објекти ќе биде оценет со најголем број на бодови;
- **Рок:** понудувачот кој нема да го понуди рокот за почеток на градежните работи наведен во точка 3.4. во овој повик ќе биде оценет со најмал број бодови;
- **Квалитет:** понудувачот кој ќе понуди соодветни или подобри решенија од наведените барања и ќе достави соодветни сертификати за сите материјали кои ќе ги употребува, ќе биде оценет со најголем број на бодови;
- **Соработка:** понудувачот кој ќе понуди спремност за соработка за се она што би можело да се појави како дополнителен ангажман околу евентуални измени или дополнувања, а кои понудувачот би ги направил без дополнителен надомест, ќе биде оценет со најголем број на бодови.
- **Изјави за согласност:** Понудувачот треба да достави одделно и Изјави за согласност за точките 3.2. и 3.3. од овој повик, како и изјава за соработка. Доколку не се доставаат овие изјави ќе се смета дека понудувачот не е согласен за прифаќање на овие услови и ќе биде исклучен од понатамошна селекција.

Дополнителни информации може да се добијат од канцеларијата на Хабитат Македонија на тел. 02/3061890.

______________________

Зоран Костов
Извршен директор